**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 11-492/3**
**Скопје, 04.08.2005 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА СОПОТНИЦА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Сопотница (во понатамошниот текст Буџет), кои се прикажани на страните од 4 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Сопотница за годините кои и предходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Аце Деловски, градоначалник на општина Сопотница, за годината што е предмет на ревизија.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 20.04.2005 година до 29.04.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

   - Лилјана Стојанова, помошник на ГДР и овластен државен ревизор;
   - Катица Николовска, ревизор
   - Билјана Сурлевска, ревизор и
   - Стојан Николовски , помлад ревизор.

*ul: "Mar{al Tito" - 12/3*
*Ovlasten dr`aven revizor*
*Palata Makedonija- Skopje*
*tel: 3211-262, faks: 3126-311*

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на сметководствените политики и начела:**

10.1.1. Извршена е прераспределба на средствата помеѓу поткатегории, ставки и потставки без соодветна Одлука од Советот на општината, спротивно на Законот за буџетите**.** Вишокот на приходи од 2003 година на сметката на Буџетот во износ од 441 илјади денари не е планиран како приход ниту е искажан во усвоениот буџетски документ на Општина Сопотница за 2004 година.

**10.2. Неправилности во искажување на приходите:**

10.2.1. Спротивно на член 36 од Законот за буџетите, не се пренесени средствата на крајот на годината од сметката на Органот на сметката на Буџетот на Општина Сопотница поради што се потценети приходите за вкупен износ од 16 илјади денари и за истиот износ е потценет вишокот на приходи над расходи за 2004 година.

11. Вкупниот ефект од изнесениот наод во точката 10.2.1. е потценување на приходите за износ од 16 илјади денари и потценување на Вишокот на приходи над расходи за истиот износ во Билансот на приходи и расходи .

12. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на Општина Сопотница на ден 31 Декември


***ul: "Mar{al Tito" - 12/3***
***Ovlasten dr`aven revizor***
***Palata Makedonija- Skopje***
***tel: 3211-262, faks: 3126-311***

2004 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, кај Буџетот на Општина Сопотница е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

14. Со Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија кој се применува по локалните избори во март 2005 година ( Сл.весник на РМ бр.55/04) општината Сопотница е утврдена како населено место во состав на општина Демир Хисар.

**Скопје, 21.07.2005 година** **Овластен државен ревизор**

**Лилјана Стојанова**

**БУЏЕТ НА ЕЛС СОПОТНИЦА**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

во 000 Ден.

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2004** | **2003** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.2. | 981 | 1,035 |
| Неданочни приходи | 3.3. | 639 | 331 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 2,692 | 600 |
| **Вкупно приходи** | | **4,312** | **1,966** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1. | 832 | 1,165 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2. | 2,322 | 331 |
| Тековни трансфери | 3.1.3. | 60 | 29 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **3,214** | **1,525** |
| **Вкупно расходи** | | **3,214** | **1,525** |
| **Суфицит( вишок на приходи)** | | **1,098** | **441** |
| **Непокриени расходи** | | **1,098** | **441** |

**БУЏЕТ НА ЕЛС СОПОТНИЦА**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1,098 | 441 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1,098** | **441** |
| **Вкупна актива** | | **1,098** | **441** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 1,098 | 441 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1,098** | **441** |
| **Вкупна пасива** | | **1,098** | **441** |



*ul: "Mar{al Tito" - 12/3*
*Ovlasten dr`aven revizor*
*Palata Makedonija- Skopje*
*tel: 3211-262, faks: 3126-311*